**UDK: 347.2**
**347.4/.5**
**347.65/.68**

# TYPES OF CIVIL RELATIONS

**Shkurte Kadri**
PhD Student
Faculty of Law "Iustinianus Primus", University "St. Cyril and Methodius" Skopje
Shkurte.kadri@hotmail.com

**Abstract**

The subject of this paper's research are the types of civil-legal relations, i.e., real-legal, obligation-legal, and inheritance-legal relations. The research in this paper has two primary objectives. The first objective is to show the similarities between the three types of civil-legal relations that connect these relations in the legal family called civil law. The second goal is to show the specifics of each of the three types of civil-legal relations by which they differ from each other.

Through an analysis of the similarities between real-legal, obligation-legal and inheritance-legal relations, the points of connection between these branches of civil law will be shown, which are reflected in the common subject and method of regulating civil-legal relations. The paper will analyse more closely what is the subject of regulating civil-legal relations, as well as what are the specific methods of regulating civil-legal relations.

The analysis of the specifics of real-legal, obligation-legal, and inheritance-legal relations will include a detailed presentation of the different nature, object and content of each of the three types of civil-legal relations. By presenting the specifics in the nature, object, and content of the three types of civil-legal relations, the paper will show their relative independence.

***Keywords:*** *civil law, real law, obligation law, inheritance law, legal relations.*

# ВИДОВИ ГРАЃАНСКОПРАВНИ ОДНОСИ

**Шкурте Кадри**
Докторанд
Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје,
Shkurte.kadri@hotmail.com

**Апстракт**

Предмет на истражување на овој труд се видовите граѓанскоправни односи, т.е. стварноправните, облигационоправните и наследноправните односи. Истражувањето во овој труд

има две основни цели. Првата цел е да се прикажат сличностите помеѓу трите вида граѓанскоправни односи кои се поврзани во правното семејство наречено граѓанско право. Втората цел е да се прикажат спецификите на секој од трите вида граѓанскоправни односи по кои тие се разликуваат едни од други.

Преку анализа на сличностите помеѓу стварноправните, облигационоправните и наследноправните односи ќе се прикажат точките на поврзаност помеѓу овие гранки на граѓанското право кои се огледаат во заедничкиот предмет и метод на уредување на граѓанскоправните односи. Во трудот поблиску ќе се анализира што претставува предмет на уредување на граѓанскоправните односи, како и кои се специфичните методи на уредување на граѓанскоправните односи.

Анализата на спецификите на стварноправните, облигационоправните и наследноправните односи ќе опфати детално претставување на различната природа, објект и содржината на секој од трите вида граѓанскоправни односи. Со претставување на спецификите во природата, објектот и содржината на трите вида граѓанскоправни односи, во трудот ќе се прикаже нивната релативна самостојност.

***Клучни зборови:*** *граѓанско право, стварно право, облигационо право, наследно право, правни односи.*

**Вовед**

Секојдневниот живот на луѓето се одвива во рамките на определена заедница, наречена општество. За задоволување на сопствените потреби, луѓето, стапуваат во најразлични меѓусебни односи, што се нарекуваат општествени односи. Кога овие општествени односи се регулираат со правни норми, тие добиваат карактер на правен однос, додека правниот однос што е регулиран со граѓанскоправни норми се нарекува граѓанскоправен однос.

Граѓанскоправни односи се оние општествени односи кои настануваат по повод стварите, човековите дејствија и имотот. Овие општествени односи се имотни, односно изразливи во пари, и настануваат помеѓу физичките лица, од една страна и помеѓу физичките и правните лица, од друга страна. Од нив се раѓаат права и обврски, и тоа по правило за едната страна права, а за другата обврски.

Граѓанскоправниот метод (метод на координација), според превладувачкото становиште на науката, го сочинуваат четири основни принципи: 1. слободна иницијатива, 2. еднаквост на страните, 3. преносливост и 4. имотна санкција. Принципот на слободна иницијатива, на субјектите во граѓанското право, им овозможува слободно да одлучуваат дали ќе засноват граѓанскоправен однос, со кого, со каква содржина и во каква форма. Принципот на еднаквост означува дека сите учесници во граѓанскоправниот однос се во иста правна положба, во смисла дека сите лица се еднакви и дека нивните и взаемните давања мора да бидат еднакви. Преносливоста е иманентен принцип за односите во прометот, затоа што неговата суштина се состои во пренесувањето на вредностите. Согласно принципот на имотна санкција повредата на граѓанскоправните правила (граѓанскоправни деликти) подлежи на санкција, не кон сторителот туку спрема имотот на сторителот на тој деликт.

## 1. Научно определување на поимот граѓанскоправни односи

При задоволување на сопствените потреби, луѓето, стапуваат во најразлични меѓусебни односи, што се нарекуваат општествени односи. По својата природа, општествените односи, правната теорија ги определува како морални, духовни, културни, семејни, политички, правни... итн. Според ова, се заклучува дека поимот општествени односи е поширок од поимот правни односи, па затоа правната теорија ги дефинира правните односи „како општествени односи регулирани со правото“.[35]

Според професорот А. Алиу општествените односи постојат меѓу луѓето (субјекти на граѓанското право), и кога овие општествени односи се регулираат со правни норми, тие добиваат карактер на правен однос, додека правниот однос што е регулиран со граѓанскоправни норми се нарекува граѓанскоправен однос. Граѓанскоправен однос се смета секој правен однос заснован на нормите (правилата) на граѓанското право[36] преку кои странките создаваат, менуваат или згаснуваат какво било субјективно право со имотен карактер.[37]

Според професорот В. Визнер, граѓанскоправен однос е *„општествен однос кој е регулиран со нормите на граѓанското право и кој настанува помеѓу правните субјекти од кои едниот има право, а другиот должност од граѓанскоправен карактер“*[38]. Граѓанскоправен однос може да настане и да постои само ако одредено субјективно право се сфаќа, не само како право од гледна точка на одреден носител, туку и како обврска на лицето должно да го стори тоа.[39]

Според професорките Р. Живковска и Т. Пржеска *„општествените односи кои настануваат по повод власта на стварите (стварноправните), пренесувањето на правата од претходникот на прибавувачот (облигационоправните) и оние по повод смртта на оставителот (наследноправните) се непосреден, директен израз на стоковопаричните односи“*[40]. Тие општествени односи претставуваат директна размена, т.е. двострано движење или поточно „движење во два правца“ на вредностите кои имаат карактер на стока, па затоа претставуваат граѓанскоправни (имотноправни) односи во поширока смисла на зборот. Граѓанското право регулира и некои други граѓански односи, а тоа се општествените (имотни) односи кои не претставуваат „движење на вредностите во два правца“, но сепак се сметаат за размена (подарувањето, стекнувањето без основ, работоводство без налог и др.). Во сите овие случаи науката смета дека „движењето на вредноста не е мотивирано со размена на вредностите“, но сепак значи движење на вредноста затоа што и овде на некој начин се врши движење согласно законот за вредноста. Заради тоа, тие претставуваат граѓанскоправни односи во поширока смисла на зборот.[41]

---

[35] Пржевска, Т. (2008). Правна природа и значењето на атрибутите на физичките лица во граѓанскоправните односи. Магистерски труд. Скопје. 5.

[36] “ Граѓанско-правните норми имаат диспозитивен карактер. т.е. правните субјекти слободно влегуваат во граѓанско-правни односи според принципот на располагање на странките, така што примената на постојните диспозитивни граѓанскоправни норми ќе се случи само доколку договорните страни не ја исклучиле нивната примена или ако не засновале одреден граѓанскоправен однос поинаку отколку што е регулирано со постојната граѓанскоправна норма”, Vizner, B. (1966). Građansko parvo, drugo, prerađeno I dopunjeno izdanje. Osijek: Štampa. 41.

[37] Aliu, A. (2013). E drejta civile. Prishtinw: Universiteti I Prishtinws “ Hasan Prishtina”. 225.

[38] Vizner, B. op. cit., 42.

[39] Исто.

[40] Живковска, Р., Пржеска, Т. (2021). Граѓанско право - Општ дел. Скопје: Европа 92. 17-18.

[41] Исто.

Според професорот В. Водинелиќ граѓанскоправен однос е *„однос меѓу правни субјекти (физички лица, правни лица, животни) во кој тие се јавуваат како носители на одредени граѓански субјективни права и одредени граѓанскоправни обврски“*[42].

Според професорот А. Групче граѓанскоправниот однос кој е предмет на уредување од страна на граѓанското право е однос кој настанува во стоковно парничниот промет и слични на него. Поточно, според него граѓанскоправен е оној однос *„кој настанува меѓу субјектите во прометот и од кој се раѓаат права и обврски, и тоа по правило за едната страна права а за другата обврски“*.[43]

Професорот А. Гамс граѓанскоправниот однос го дефинира како *„однос од кој едни црпат права, а други обврски предвидени во објективното право“*[44]. Ако односот го гледаме, не само од гледиштето на носителот на правото , но и од гледиштето на носителите на обврските, ако тој однос го гледаме во целина, имаме правен однос во граѓанското право.

Според професорката Р. Ковачевиќ-Куштримовиќ граѓанскоправните односи традиционално се означени како имотни односи. Тоа се *„тие односи во кои правните добра врз кои се засноваат граѓанските односи, во принцип, може да се изразат во пари или некој друг економски еквивалент“*. Најголемиот број ствари заради кои настануваат граѓанскоправните односи, Куштримовиќ смета дека се третираат како стока, па затоа овие односи се нарекуваат и стоковопарични односи.[45]

Врз основа на претставувањата на поимното определување на граѓанскоправните односи, од страна на цивилната доктрина може да се донесат следните констатации: 1. Сите автори тргнуваат од гледиштето дека тоа се оние општествени односи кои настануваат по повод стварите, човековите дејствија и имотот. 2. Сите наведени автори во своето определување подвлекуваат дека овие општествени односи се имотни, односно изразливи во пари, и 3. Сите автори сметаат дека овие општествени односи настануваат помеѓу физичките лица, од една страна и помеѓу физичките и правните лица, од друга страна.

Се поставува прашањето: – Зошто цивилистите тргнуваат од овие три карактеристики на граѓанскоправните односи?

## 2. Предмет на граѓанскоправните односи

Според професорката Р. Живковска предмет на граѓанското право се општествените односи (како израз на стоковопаричните) кои имаат имотен карактер, а во кои носителите (физичките лица од една страна и физичките и правните лица од друга страна), врз основа на нивниот граѓанскоправен субјективитет, се стекнуваат (во текот на животот или со смртта на физичко лице) со признаена непосредна власт на стварите како и со признаена од правото власт да бараат нешто од другата страна во прометот. Овие општествени односи претставуваат движење на вредности во два правца, т.е. тоа се односи кои можат да се изразат во пари. Предмет на граѓанското право се и некои други општествени односи, поврзани со стварноправните, облигационоправните и наследноправните односи, кои доведуваат до имотни ефекти, но не претставуваат двострано движење на вредностите во прометот.[46]

[42] Vodinelić, V. (2020). Građansko parvo, Uvod u građansko parvo i Opšti deo građanskog prava, četvrto izdanje. Beograd: Службени гласник. 191.
[43] Групче, А. (1976). Граѓанско право, општ дел. Скопје: Култура. 109.
[44] Andria, A. (1967). Hyrje nw tw drejtwn civile (pjesa e pwrgjithshme), botimi i dytw,Prishtinw. 111.
[45] Ковачевиќ-Куштримовиќ, Р. (1995). Гра□анско право општи део. Ниш: Sirius. 20.
[46] Живковска, Р. (2011). Општ дел на граѓанското право. Скопје: Европа 92. 30-31.

Кога станува збор за предметот на стварното право, тој непосредно ги има стварите. Според тоа, стварното право ја претставува статиката на имотноправните односи, односно нивната мирна состојба.[47]

Облигационото право за предмет го има правниот промет, односно односите меѓу доверителите и должниците, а со тоа и преносот на имотните права меѓу живите (inter vivos). Ова значи дека ја уредува прометливоста на правата и обврските од облигационите односи, односно преминувањето на добрата, стоките и услугите од имотот на едно во имотот на друго лице, кој ја чини нивната динамика.[48]

Наследното право претставува дел од граѓанското право кое ги уредува имотните односи кои настануваат по повод смртта на едно лице, односно го уредува преносот на имотните права и обврски од оставителот на неговите наследници. Предмет на регулирање на наследното право е наследувањето, под кое се подразбира пренос на стварите, имотните права и обврски од оставителот на неговите наследници.[49]

### 3. Метод на граѓанското право – основни принципи

Методот на граѓанското право произлегува од начелата кои се застапени во регулирањето на граѓанскоправните односи, и тоа при неговото создавање, изменување или престанување, вршење на овластувањата и исполнување на обврските на страните во односот и при санкциите за повредите на правата и сл.[50]

Методот на регулирање е начин на уредување на предметот, т.е. начинот на кој се регулираат граѓанскоправните односи и статуси, наречен и метод на координација.[51] Граѓанското право нема единствен метод на регулирање. Се користат различни техники. Постојат повеќе принципи на регулирање содржани во тој метод, науката тврди дека има и отстапувања од секој принцип на регулирање.[52]

Граѓанскоправниот метод (методот на координација), според превладувачкото цивилно становиште на науката, го сочинуваат четири принципа: 1. еднаквост на страните, 2. слободна иницијатива, 3. преносливост на правата и 4. имотна санкција.[53] Во граѓанскоправната наука, некои цивилисти, покрај четирите основни принципи на граѓанскоправниот метод внесуваат и петти основен принцип – принцип на заштита на граѓанските субјективни права. Такво становиште има професорот Владимир Водинелиħ. Професорките Р. Живковска и Т. Пржеска, тие сметаат дека принципот на заштита на граѓанските субјективни права не е посебен принцип на граѓанскоправниот

---

[47] Живковска, Р. (2005). Стварно право, книга I. Скопје: Европа 92.7.
[48] Галев, Г., Дабовиќ–Анастасовска, Ј. (2012). Облигационо право, трето изменето и дополнето издание. Скопје. 3.
[49] Мицковиќ, Д., Ристов, А. (2020). Наследно право. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. 18.
[50] Бабић, И. (2021). Увод у гра□анско право и стварно право. Београд: Службени гласник. 31.
[51] Попов, Д. (2007). Гра□анско право (општи део), пето издањено и допуњено издање. Нови Сад: Правни

факултет s Новом Саду. 13.

[52] „Помал или поголем број случаи кога законодавецот прибегнува кон различен, спротивен начин на регулирање. И принципите и отстапувањата можат да се објаснат делумно со природата на односите што се регулираат ( и објектот на регулирање), а делумно со интересите што уредувањето има за цел да ги постигне”, Станкови□, О. (1995). Увод у гра□анско право, Београд: Номос.252.
[53] Групче, А. (1976). op. cit., 21.

метод на уредување на односите, туку е израз на принципот на слободна иницијатива во сферата на заштита  на граѓанските субјективни права.[54]

3.1. Принцип на еднаквост на страните

Под принципот еднаквост во цивилната доктрина се подразбира: 1) еднаквост на субјектите во примена на правилата на граѓанското право и 2. еднаквоста на правата и обврските што произлегуваат од граѓанскоправниот однос.[55]

Еднаквоста на субјектите во примената на граѓанското право (стварното, облигационото и наследното) означува дека сите учесници во граѓанскоправниот однос се во иста правна положба, во смисла дека сите лица се еднакви, дека меѓу нив не постои подреденост. [56] Нормите на граѓанското право ги третираат правните субјекти подеднакво, обезбедувајќи им еднакви можности за стекнување на права, за нивно остварување и заштита, за нивно учество во граѓанскоправниот живот.[57]

а) Во стварноправните односи, принципот на еднаквост се изразува пред сè, во еднаквоста во примена на правилата на граѓанското право (стварното право). Така носителите на правото на сопственост (физичките и правните лица, државата и единиците на локалната самоуправа) се рамноправни во вршењето на овластувањата што ја сочинуваат содржината на правото на сопственост на една ствар.[58]

а1) За еднаквоста на правата и обврските што произлегуваат од стварноправниот однос професорките Р. Живковска и Т. Пржеска сметаат дека е невозможно да се каже дека помеѓу нив може да се стави равенка која, според нив, вредносно би ги изразила. Во никој случај не би можело да се каже дека овластувањата да се држи стварта, целосно да се користи и да се располага со неа по своја волја се вредносно еднакви колку и обврската: *„секој да се воздржува од повреди на правото на сопственост на друго лице“*[59]. Според ова, произлегува дека кај стварноправните односи станува збор само за еднаквост на субјектите во примена на правилата од стварното право.

б) Во сферата на облигационоправните односи, науката смета дека принципот на еднаквост подразбира: прво еднаквоста на страните во облигационоправинте односи и второ – еднаквост на взаемните давања кои ја сочинуваат содржината на облигационоправните односи.[60]

б1) Еднаквоста на страните во облигационоправните односи означува дека учесниците во облигациониот однос се рамноправни[61]. Најопшто гледано, еднаквоста и рамноправноста на страните во облигационоправните односи се состои од тоа што меѓу нив нема надреденост и подреденост.  Според професорите Г. Галев и Ј. Дабовиќ–Анастасовска тоа значи дека никоја од

---

[54] “Според овој принцип носителот на граѓанското субјективно право е слободен да одлучува дали сака да бара заштита или не на своето право кога тоа е повредено или загрозено. Оваа заштита се остварува по приватна иницијатива – на барање, т.е. со приватна тужба (ex private), а не по службена должност – со тужба - со тужба на некој државен орган (ex officio)”. Живковска, Р., Пржеска, Т. (2021). Op. cit., 19.

[55] Живковска, Р., Пржеска, Т. (2021). op. cit., 23.

[56] Стојанови, Д., Антић, О. (2004). Увод у гра□анско право. Београд: Правни факултет универзитетаБеограду. 6.

[57] Павлова, М. (1995). Гражданско право обща част. София: Софи-р. 44.

[58] Живковска, Р., Пржеска, Т. (2021). op. cit., 24. “Право на сопственост можат да стекнуваат сите домашни и странски физички и правни лиц, вклучувајќи ја и државата и единиците на локалната самоуправа, под услови и на начин предвидени со овој и друг закон.” Чл. 2, Закон за сопственост и други стварни права, Сл. Весник на РМ, бр. 18/01.

[59] Живковска, Р., Пржеска, Т. (2021). op. cit., 24.

[60] Исто.

[61] Чл. 4, Закон за облигационите односи, Сл. весник на РМ, бр. 18/01, 4/02, 5/03, 84/08, 81/09, 161/09 и 123/13.

страните при настанувањето на односот нема можност да го диктира обемот и содржината на тој однос.[62] Во фаза на извршувањето на односот не е дозволено каква било привилегираност на едната во однос на другата страна.[63]

б2) За еднаквоста на взаемните давања, Законот за облигациони односи пропишува: *„Во засновањето на двострани договори, учесниците тргнуваат од начелото на еднаква вредност на взаемните давања“*[64]. Ваквата определба, според професорите Г. Галев и Ј. Дабовиќ–Анастасовска е условена и произлезена од стоковно-паричните односи како базични односи во рамките на пазарното стопанство.[65]

в) Принципот на еднаквост во наследноправните односи цивилистите го сметаат дека им овозможува на граѓаните под исти услови да се рамноправни во наследувањето.[66] Според тоа, ако почине едниот брачен другар, неговиот имот се распределува (доколку нема тестамент) подеднакво и тоа на брачниот другар и на неговите деца кои го претставуваат прволт законски наследен ред.[67]

### 3.2. Принцип на слободна иницијатива

Правните субјекти во граѓанското право слободно одлучуваат дали ќе настане граѓанскоправен однос, со каква содржина и во каква форма. Тоа го овозможува принципот на автономија на волјата или слободна иницијатива на странките.[68]

а) Во стварноправните односи, слободната иницијатива е предвидена со законска одредба во Законот за сопственост и други стварни права: *„Правото на сопственост и другите стварни права се остваруваат врз основа на слободна диспозиција со нужни ограничувања предвидени во Уставот и законите“*[69]. Одредено лице ако стекнало некое право (на пр. право на сопственост) од него зависи дали ќе го оствари (на пр. дали ќе вози автомобил), а ако сака – дали целосно или делумно (на пр. дали ќе бара целосен надоместок за оштетената ствар или само за дел), дали ќе ги оствари сите овластувања од кои се состои правото или само некои ( на пр., дали од крадецот ќе бара само враќање на стварта или и неговите плодови).[70]

б) Принципот на слободна иницијатива е прокламиран и во Законот за облигационите односи: *„Учесниците во прометот слободно ги уредуваат облигационите односи во согласност со Уставот, законите и другите обичаи“*[71], науката, овој принцип во облигационото право, го нарекува „слободата на договарањето“.

в) Во наследноправните односи, слободната иницијатива се изразува во слободата на составување тестамент.[72] Завештателот може со тестамент да определи еден или повеќе наследници.[73] Доколку не определи, тогаш ќе се примени законското наследување.

[62] Галев, Г., Дабовиќ–Анастасовска, Ј. (2012). op. cit., 61.
[63] Исто.
[64] Чл. 8, ст.1, Закон за облигационите односи...
[65] Галев, Г., Дабовиќ–Анастасовска, Ј. op. cit., 63.
[66] Чл. 3, Закон за наследувањето, Сл. Весник на РМ, бр. 47/96.
[67] Живковска, Р., Пржеска, Т. (2021). op. cit., 25.
[68] Ковачевић-Куштримовић, Р. (1995). op. cit., 22.
[69] Чл.5, Закон за сопственост и други стварни права...
[70] Vodinelić, V. (2020). op. cit., 42.
[71] Чл. 3, Закон за облигационите односи...
[72] Бабић, И. (2021). op. cit., 21.
[73] Чл. 96, Закон за наследувањето...

3.3. Принцип на преносливост на граѓанските субјективни права

Овој принцип на граѓанскоправниот метод е иманентен за односите во прометот, затоа што неговата суштина се состои во пренесувањето на вредностите (економски промет), односно на правата врз тие вредности (правен промет).[74]

а) Во стварноправните односи сопственикот на стварта може да го пренесе правото на сопственост (со склучување на договор за купопродажба на стварта, со подарок или размена) на друг, така што за него престанува правото на сопственост, а за другиот субјект настанува. За разлика од целосното располагање, кога сопственикот (претходник, пренесувач) го губи правото на сопственост, а стекнувачот (прибавувач) го стекнува во целост, цивилистите укажуваат и дека има случаи на делумно располагање. Во такви случаи, сопственикот сè уште го задржува своето право, но на тоа право конституира ново право за друг, различно од неговото.[75]

б) Во облигационите односи, цивилистите сметаат дека преносот на правото на побарување најчесто се врши со отстапување на побарувањата, наречено цесија. Правното дејство на цесијата, според нив е тоа што претходниот доверител престанува да биде носител на побарувањето, а на негово место доаѓа нов доверител.[76]

в) Во поглед на наследноправните односи, науката подвлекува дека преносливоста подразбира наследување на ствари и права што оставителот можел да ги пренесе на трети лица во текот на животот. Според нив наследното законодавство на РС Македонија правото на претставување, т.е. преминување на оставината од порано умреното дете на неговите деца и внуци, исто така, го изразува принципот на преносливост на наследните права.[77]

3.4. Принцип на имотна санкција

Повредата на граѓанскоправните правила (граѓанскоправни деликти) подлежи на санкција, не кон сторителот туку спрема имотот на сторителот на тој деликт. Природно право е дека тој што на друг ќе предизвика штета е должен да ја надомести.[78] Целта на граѓанскоправната санкција според цивилната доктрина е да се воспостави нарушената имотноправна положба која постоела пред повредата на имотот на носителот на граѓанското субјективно право (restitutio in integrum). Санкциите пак во другите гранки на правото (казненото и управно право имаат за цел да го казнат сторителот на кривичното дело или прекршителот на управниот пропис.[79] Според српските цивилисти, имотната санкција секогаш, во крајна линија може да се сведе на пари, дури и во случаи кога овој вид на надомест не е целосно соодветен, на пр. во случај на паричен надоместок на нематеријалната штета (кога штетникот е должен да плати одредена парична сума поради тоа што на оштетениот му предизвикал  физичка или психичка болка или страв).[80]

## 4. Објектите на граѓанскоправните односи

[74] Групче, А. (1976). op. cit., 25.
[75] Попов, Д. (2007). op. cit., 18.
[76] Исто.
[77] Живковска, Р., Пржеска, Т. (2021). op. cit., 28. "Да наследуваат можат предмети и права што им припаѓаат на поединци", чл. 2, Закон за наследувањето..."Делот од оставината што би му припаднал на порано умреното дете да го надживеало оставителот го наследуваат неговите деца, внуците на оставителот, на еднакви делови, а ако некој од внуците умрел пред оставителот, тогаш делот што би му припаднал да бил жив во моментот на смртта на оставителот го наследуваат неговите деца, правнуците на оставителот, на еднакви делови, и така редум се додека има потомци од оставителот.", чл. 14, Закон за наследувањето...
[78] Ковачевић-Куштримовић, Р. (1995). op. cit., 23.

[79] Подетално за ова види кај: Попов, Д. (2007). op. cit., 120, Vodinelić, V. (2020). op. cit., 43-44, Стојановић, Д. (1984). Увод у грађанско право. Београд: Савремена администрација. 10.
[80] Стојанови, Д., Антић, О. (2004). op. cit., 8.

Современата граѓанскоправна наука во најширока смисла на зборот под „објект на граѓанскоправните односи“ го подразбира *„она во врска со што настануваат граѓанскоправните односи, а може да се изрази во пари, т.е. она што има имотна вредност“*[81].

Неспорно е научното становиште според кое објект на стварноправниот однос се стварите. Заради стварите настануваат најбитните субјективни права, а тоа се правото на сопственост и другите стварни права - jura in re aliena[82]. Според професорките Р. Живковска и Т. Пржеска, стварите претставуваат објект на стварноправните односи затоа што на носителот му обезбедуваат непосредно законско овластување.

Облигационите односи, како посебен вид на граѓанскоправни односи, за свој објект, го имаат човековото дејствие. Под овој поим се подразбира одредено давање (dare), сторување (facere), несторување (nonfacere) и трпење (pati) што должникот треба да ги направи во однос на својот доверител од облигациониот однос.[83]

Како објект на наследноправните односи, според професорот М.Х–Василев, се јавува оставината (ствари, права и обврски) која зад себе ја оставил оставителот и која понатаму врз основа на закон или тестамент, се пренесува на неговите наследници.[84] Денес во поглед на поимот оставина, како вид на имот превладува гледиштето дека тоа, односно имотот е збир на права, а дека обврските само ги пратат наследните права и тоа во висина на вредноста на оставината.

**Заклучок**

Трудот ги претставува граѓанскоправните односи, односно стварноправните, облигационоправните и наследноправните односи, во него се укажува дека тие односи се од имотен карактер. Во трудот се разгледува предметот, основните принципи на граѓанскоправниот метод на уредување на граѓанскоправните односи, како и објектот на овие односи.

Трудот покажа дека граѓанскоправните односи треба да се определат (дефинираат) како општествени односи кои настануваат по повод стварите, човековите дејствија и имотот.

Во трудот се заклучи дека граѓанскоправните односи како општествени односи се пред се имотни, односно изразливи во пари, и дека тие настануваат помеѓу физичките лица, од една страна и помеѓу физичките и правните лица, од друга страна.

Во трудот се констатира дека принципот на слободна иницијатива е примарен принцип на граѓанскоправниот метод во граѓанското право затоа што субјектите во граѓанското право слободно одлучуваат дали ќе засноват граѓанскоправен однос, со кого, со каква содржина и во каква форма.

Во трудот се укажа дека мора да е присутен принципот на еднаквост затоа што субјектите за да стапат во граѓанскоправни односи мора да се еднакви меѓу себе. Но притоа, во трудот се подвлече дека и взаемните давања мора да бидат еднакви.

[81] Живковска, Р., Пржеска, Т. (2017). Правни норми, промет, имот, објекти на граѓанскоправните односи и правни факти. Скопје: Европа 92. 60.
[82] Ковачевић-Куштримовић, Р. (1995). op. cit., 136.
[83] Галев, Г., Дабовиќ–Анастасовска, Ј. op. cit., 131.
[84] Хаџивасилев, М. (1983). Наследно право. Скопје: Култура. 31-44.

Принципот на преносливост е иманентен за граѓанскоправните односи, затоа што суштината на овие односи се реализира со пренесувањето на вредностите, односно на правата врз тие вредности, на самиот пазар.

Принципот на имотна санкција укажа дека секогаш, во случај на повреда на граѓанскоправните правила, е безусловен, односно дека санкцијата е насочена кон имотот на повредувачот на правото, со цел да се воспостави нарушената имотноправна положба која постоела пред повредата на имотот на носителот на граѓанското субјективно право.

Во трудот се нагласи дека четирите принципи мора кумулативно да се присутни во граѓанскоправниот однос, па затоа тој се нарекува и метод на координација. Кумулацијата на принципите (слободна иницијатива, односно еднаквост, преносливост и имотна санкција) се укажа дека е неопходна затоа што некои од овие принципи се јавуваат и во другите гранки на правниот систем.

Во трудот се претстави и разгледа и објектот на граѓанскоправните односи, затоа што во врска со него настануваат граѓанскоправните односи.

Притоа се прифати гледиштето дека објект во крајна инстанца се сведува на пари, во кои се изразува паричната вредност на стварите како објект на стварноправните односи, паричната вредност на човековите дејствија како објект на облигационоправните односи и паричната вредност на оставината како објект на наследноправните односи.

**Користена литература**


1. [1]Andria, A. (1967). Hyrje nw tw drejtwn civile (pjesa e pwrgjithshme), botimi i dytw,Prishtinw;
2. Aliu, A. (2013). *E drejta civile*. Prishtinw: Universiteti I Prishtinws “ Hasan Prishtina”;
3. Бабић, И. (2021). *Увод у грађанско право и стварно право*. Београд: Службени гласник;
4. Vizner, B. (1966). *Građansko parvo, drugo, prerađeno I dopunjeno izdanje*. Osijek: Štampa;
5. Vodinelić, V. (2020). *Građansko parvo, Uvod u građansko parvo i Opšti deo građanskog prava, četvrto izdanje*. Beograd: Службени гласник;
6. Vukadinović, Slobodan. (2021). *Građansko parvo – opšti deo*. Beograd: Pravni fakultet Universiteta Union;
7. Галев, Г., Дабовиќ-Анастасовска Ј. (2021). *Облигационо право*. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј”;
8. Групче, А. (1976). *Граѓанско право, општ дел*. Скопје: Култура;
9. Георгиев, Д. (1977).*Основи на имотното право.* Скопје: Култура;
10. Gavella, N. (2005). *Građansko parvo*. Universitas Zagrabiensis, fakultas juridica;
11. Живковска, Р., Пржеска Т. (2021). *Граѓанско право – Општ дел. Скопје*: Европа 92;
12. Живковска, Р. (2011). Општ дел на граѓанското право, Скопје: Европа 92;
13. Живковска, Р., Пржеска Т. (2017). *Правни норми, промет, имот, објекти на граѓанскоправните односи и правни факти*, Скопје: Европа 92;
14. Живковска, Р. (2005). *Стварно право, книга I*. Скопје: Европа 92;
15. Ковачевић-Куштримовић, Р.(1995). *Грађанско право (општи део),* друго измењено и допуњено издање.Ниш: Сириус;
16. Карбоние, Ж. (2014). *Граѓанско право, Том I (превод од француски јазик Даниела Донева). Скопје:* Арс ламина – публикации;
17. Мицковиќ, Д., Ристов А. (2016). *Наследно право*, Скопје: Стоби Трејд;
18. Попов, Д. (2007). *Грађанско право (општи део), пето измењено и допуњено издање,* Нови Сад;
19. Павлова, М. (1995). *Гражданско право обща част.* София: Софи-р;
20. Петровић-Шкеро, В., Милутиновић, Л. (2021). *Граѕанско право, Приручник за полагање правосидног испита.* Београд: Службени гласник;

21. Становић, О., Водинелић В. В. (2007). *Увод у грађанско право*, Београд: Номос;
22. Stojanovič, D. (1984). *Uvod u građansko pravo, šesto izmenjeno i dopunjeno izdanje*. Beograd: Savremena administracija;
23. Стојанови, Д., Антић, О. (2004). *Увод у грађанско право*. Београд: Правни факултет универзитета Београду;
24. Штаудингер, Ј. (2014). *Коментар на Граѓанскиот законик со воведен закон и споредни закони: основи на Граѓанско право* (превод од германски Билјана Размоска). Скопје: Арс ламина – публикации;
25. Хаџивасилев, М. (1983). *Наследно право*. Скопје: Култура;
26. Закон за сопственост и други стварни права, Сл. весник на Р. Македонија бр.18/01, 92/08, 139/09 и 35/10;
27. Закон за семејството, Сл. весник на Р. Македонија, бр. 80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15;
28. Закон за облигационите односи, Сл. весник на Р. Македонија, бр. 18/01, 4/02, 5/03, 84/08, 81/09, 161/09 и 123/13;
29. Закон за наследувањето, Сл. весник на Р. Македонија, бр. 47/96;